# RAISE UP

Stop **undeclared work** in agriculture



**БРОШУРА**

# ДОБРИ ПРАКТИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕПРИЈАВЕНАТА РАБОТА ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕТО

Документот го изработи
METES FOUNDATION

Како дел од RAISE UP – изворни активности,  иновативни практики и вклученост на чинителите за справување со појавата на непријавената работа (VS/2017/0320)

FONDAZIONE metes

**СОДРЖИНА**

**Премиса** .......... 7

**Проблеми** .......... 9

1. **Социо-економска анализа на територијата** .......... 10

2. **Идентификување територијален референт во заедницата** .......... 11

3. **Планирање на активностите** .......... 12

4 **Учество на чинителите** .......... 14

5 **Мониторинг и евалуација** .......... 15

## Премиса

Непријавената работа во земјоделието не е појава исклучиво во Италија, туку може да се сретне во разни европски земји. Само преку транснационална соработка, вклученост на сите заинтересирани страни и усвојување на холистички пристап може да се размислува за изнаоѓање решение за проблемот.
Од таа причина синдикатите, организациите на работодавачи и институциите од Италија, Бугарија, Република Северна Македонија, Романија и Србија беа во можност заеднички да работат, и во јануари 2018 год., со финансиска поддршка од Европската комисија, се започна проектот RAISE UP за вклученост во стратешки дискусии и изработка на ефективни политики и конкретни мерки кои ќе придонесат за борбата против непријавената работа во земјоделието. Со проектот се поддржува взаемното учење на мерки и практики за иновативни политики и нивното вклучување во регионалните и националните системи по пат на прекугранична соработка.
Размената на добри практики во оваа област овозможи да се создаде идеја на единство во борбата против експлоатацијата, унапредување на солидарноста помеѓу работниците, синдикатите, локалните институции и контролните органи, независно на разликите кои произлегуваат заради земјата на потекло или престој, и со тоа се подигнува степенот на внимание кое се посветува на заштитата на работничките права на глобален план.
Споредбата на искуствата и работните услов во разни социо-економски системи овозможи да се потенцираат различните особености на непријавената работа во земјоделието, поврзано со територијалните, економските и производствените карактеристики.
Во двата случаи постоеше можност да се дадат корисни насоки за:

- Идентификување на целите
- Дефинирање на пристапот кон работниците
- Избор на соговорници и методи за вклучување на чинителите

Во оваа брошура се содржани сите решенија кои се спроведуваат во пракса и добиените позитивни резултати, на шематски начин и со примена на практичен пристап.

За повеќе информации за активностите на проектот, упатете се на:
http://www.fondazionemetes.it/raise-up каде можете да ги најдете и следните документи:

- Анализа и проценка на потребите од обука на учесниците
- Прирачник – Добри практики за борба против нелегалната работа во земјоделието

# Насоки

Во анализата на потребите, ги запрашавме испитаниците кои се главните проблеми со кои се соочуваат при организирање ефективна кампања за борба против непријавената работа. Врз основа на нивните искуства, беше возможно да се направи реконструкција на работните процеси, да се идентификуваат индивидуалните фази на планирањето, имплементацијата и последователните активности за иницијативите.

Од оваа работа произлезе листа на проверка, односно, оперативен работен документ кој е даден во прилог на оваа брошура, и на корисниците им овозможува да ги следат фазите, по пат на своја проверка, со можност истите да ги адаптираат според карактеристиките на даден контекст на територијата.

За секоја од фазите, испитаниците потоа ги опишаа главните проблеми со кои се соочуваат, и преку конкретни искуства ги покажаа најдените решенија, прикажувајќи ги нивните предности и недостатоци.



# Проблеми

Повеќето испитаници се соочуваат со следните проблеми:

- избор на извори на социо-економски податоци
- идентификување референт во територијалната заедница
- обезбедување навремени одговори
- подигнување на свеста во локалната заедница и јавното мислење
- вклученост на институциите и органите кои го спроведуваат законот и редот

Изборот на извори се однесува на анализата на територијата од социо-економски аспект, за да може да се добијат информации за главните земјоделски култури; за типот на ангажирана работна сила; за локацијата каде се регрутира работната сила; за најзастапените етнички групи.
Тешкотиите околу наоѓање на референт во заедницата на дадена територија се однесува на потребата да се надминат јазичните и културолошките бариери.
Способноста да се одговори на барањата на работниците во реално време произлегува од ограниченото расположливо време и потребата да се изградат релации на доверба.
Подигнувањето на свеста во локалната заедница и јавното мислење за важноста на холистичкиот пристап како приоритет за интеграција на сите аспекти (домување, образование, регулаторни и фискални политики) претставува суштински аспект за да се создадат услови за трајна интеграција која се темели на принципите за взаемна почит и солидарност.
Конечно, за испитаниците може да биде тешко проактивно да ги вклучуваат институциите и органите за спроведување на законот и редот.

## 1. Социо-економска анализа на територијата




Само еден мал дел од овие информации може да се добијат од официјални извори. Всушност, тие извори на информации тежнеат нецелосно да ја проценат непријавената работа. Притоа неформалните извори може да се покажат како покорисни. Во некои случаи, кога нема корисни извори, може да се нарача истражување за работните услови во земјоделието од страна на локален истражувачки институт.

| Официјални извори | Неформални извори |
|---|---|
| •Институции за социјална сигурност и заштита<br>•Стопански комори<br>•Институции кои се надлежни за пазарот на труд<br>•Истражувачки институти | •Претставници на територијални синдикати<br>•Сведоци со повластици (привилегирани)<br>•НВОи и работници во организации за помош<br>•Медиуми |

Документот е изработен со финансиска поддршка од Европската комисија (VS / 2017/0320)
RAISE UP – изворни активности, иновативни практики и вклученост на чинителите за справување со појавата на непријавената работа

## 2. Идентификување територијален референт во заедницата

Јазичните и културолошките бариери често може да претставуваат пречка за да им се пристапи на работниците, но, и да бидат извор на недоверба.




Според испитаниците, доста е корисно да се воспостави мрежа на културни медијатори, кои се специјализирани за разни јазици и култури, кои се наоѓаат на територијата и кои постојано се на располагање за да се вклучат во разни кампањи во борбата против непријавената работа и експлоатацијата.
Изборот на  предмети кои ќе се користат се прави врз основа на активноста која треба да се спроведе на терен и зависно од целта на кампањата која треба да се постигне (сламени шапки, шишиња вода, велосипедски светла, рефлектори, ракавици, чевли и чорапи за да се заштитат од студ и дожд, водоотпорни). Податоците за контакт со синдикатот може исто така да се пренесуваат и преку овие предмети, на пример доколку бидат отпечатени на налепници на шишињата со вода, на шапките или рефлекторите.

# 3. Планирање на активностите

Планирањето активности се заснова на изборот кој е направен и тоа ги зема предвид целите кои треба да се постигнат како и потребите, очекувањата и барањата на работниците, без никаков ризик по нивната безбедност на работното место. Преовладува мислењето дека недоволните човечки и економски ресурси е еден од најголемите ризици за одржливоста на проектите.




Со цел интервенцијата да биде ефективна, според испитаниците, неопходно е да се избере работна група за да постои капацитет да се одговори на барањата на сите работници, по можност да се вклучат и други стручни лица вон организацијата.
Алатки кои помагаат да се искористи кусото расположливо време за средби со работниците се: постоење на јасна и споделена стратегија пред почетокот со активности; располагање со соодветен број човечки ресурси за да се покрие територијата најбрзо што може; да бидат лесно препознатливи и секогаш да оставаат свои податоци за контакт.
Во некои случаи, за време на фазата на планирање, извидувањето и истражувањето за територијата се спроведуваат со примена на технологија (означување на Google Maps) со што се врши географско лоцирање на областите каде последователно се интервенира. Недостигот на време, според испитаниците, создава и други потреби: да се обезбедат навремени одговори, притоа без да се земаат работите здраво за готово, со користење на едноставен и веднаш разбирлив јазик и без влијанија од обичаите и животниот стил на нашите културолошки модели.


Документот е изработен со финансиска поддршка од Европската комисија (VS / 2017/0320)
RAISE UP – изворни активности, иновативни практики и вклученост на чинителите за справување со појавата на непријавената работа

| Човечки ресурси |
| --- |
| •да се обезбеди поголема група<br>•експерт за услуги<br>•експерт за имиграции<br>•експерт за договори |

| Време |
| --- |
| •јасна стратегија<br>•можност за повторен контакт<br>•лесна препознатливост<br>•спроведување прелиминарни истражувања |

На работниците може да им се пристапи на работното место; на крајот на работниот ден; на местата каде ги регрутираат; на светилиштата за време на празници; на собирни места во заедниците.

**Активности во камповите и местата за регрутирање**

- рано наутро на местата за регрутирање (плоштади, барови, крстосници)
- делење предмети и летоци

**Активности на крајот на денот и во камповите за прифат**

- попладне на местата за средби, во камповите за прифат
- информации во однос на платата, дозволи за престој и начини за поддршка на приходот

Врз основа на стекнатите искуства, кога кампањата се спроведува во време кога се врши регрутирање на работната сила (плоштад, бар, камп за прифат, итн.) или на работното место, активноста е чисто информативна: се делат летоци со куси појаснувања на повеќе јазици со основни информации за типот на договори, за индивидуална и колективна заштита, и податоци за контакт на организацијата за да знае работникот кој и каде треба да се контактира. Се препорачува да се замине од местото пред да пристигнат работодавачите или работодавачите за непријавена работа за да не се изложат на ризик работниците да го изгубат работниот ден како и последователните денови, туку на истото место да се појде повторно подоцна, за да се консолидираат сознанијата, релациите и довербата со работниците.
Спротивно на тоа, кога активностите се спроведуваат на крајот на работниот ден, има повеќе време на располагање. Врз основа на стекнатите искуства, овој тип на активност се спроведува пред сè во центрите за прифат каде согласно претходно утврден календар, се обезбедуваат услуги за помош во однос на законите, даноците и социјалната сигурност.
Во други случаи, се поставуваат мобилни работни станици (со таблет или опремени комбиња) долж патиштата или на собирните места.

# 4 Учество на чинителите

Испитаниците сметаат дека е особено важно да се вклучат клучните чинители по пат на синергија и соработка, и тоа особено контролните тела (претставници на трудов инспекторат, локална власт)  и институциите.




Во повеќето случаи, институционалниот дијалог е само благ дијалог од кој не произлегува ефективна соработка. Спротивно на тоа, според испитаниците,  корисно е да се обезбедат собраните податоци и информации за работните услови на територијата и да се побараат нови контроли и интервенции во компаниите и фармите кои веќе биле пријавени за да се спречи непостапување и ставот „да почекаме и ќе видиме“.

Според испитаниците, важно е да се вклучи целата заедница со која се работи преку ефективна комуникација: проблемот околу непријавената работа не е само поврзан со законот за работни односи, туку е и социјален проблем,  дури и ако генерално нискиот степен на свесност укажува на недостиг на сензитивност за проблемот во локалните заедници. Исто така, важно е да се направи мрежа од контакти со организации од другите сектори за да се организира прифатот: топли оброци, кревети, здравствена заштита, поправка на превозни средства, превоз до работното место, листи за вработување. Во секој случај, постои општо мислење дека корисно е да се вклучат и медиумите со тоа што ќе им се соопштуваат резултатите од работата: места, бројки, луѓе, работни услови, извештаи за експлоатација.  Исто така, постои можност да се организира конференција на која ќе присуствуваат и институции, политичари и граѓанското општество, за да се изнајдат интервенции и решенија.

Документот е изработен со финансиска поддршка од Европската комисија (VS / 2017/0320)
RAISE UP – изворни активности, иновативни практики и вклученост на чинителите за справување со појавата на непријавената работа

## 5 Мониторинг и евалуација

За сите испитаници од клучна важност е да се оцени исходот од кампањата, и квалитативно и квантитативно. Во многу случаи, средби се одржуваат во текот на кампањата за да се оцени напредокот и да се преземат поправни активности.

**Индикатори за мониторинг**

- Број на работници кои пристапиле на синдикатот
- Број на нови членки
- Број на приговори
- Број на прилози во медиумите/печатот

**Прашања за евалуација**

- Дали е изборот правилен?
- Дали избраната локација е погодна?
- Дали се сретнав со доволен број работници?
- Дали го придобив нивниот интерес и доверба?

Во дадени случаи се формира и база на податоци и се усвојува форматот за собирање податоци кои постојано се ажурираат. Повеќето испитаници ја поврзуваат успешноста на кампањата со зголемениот број на членки и влијанието кое оттука може да произлезе во фазата на обновување договори, во смисла на добивање поголема преговарачка моќ.
Испитаниците сметаат дека би било корисно да се следат тековите на работната сила во разни географски области според фазите на берба (гео-референцирање на работниците).
На крајот, повеќето испитаници искажаа потреба за место каде ќе разменуваат искуства со цел подобрена координација. Всушност, испитаниците се свесни дека сите инцијативи не може да се реплицираат или веднаш да се пренесат, но се свесни дека споредбата е клучен момент да се разбере што треба и не треба да се прави. Според испитаниците, студиски посети на местата од каде потекнуваат работниците се важни за да може да се разбере нивниот животен стил, да се остварат средби со локалните синдикати, и да се добијат информации за различните начини на организација на работата.

# Листа за проверка во врска со организацијата на инцијативата за борба против нелегалната работа во земјоделието

**Пред иницијативата**

Анализа на контекстот:

Во идентификуваната област има:

- ☐ Ситуации на експлоатација
- ☐ Концентрација на имигранти работници
- ☐ Кампањи за берба
- ☐ Непланирани гета или кампови

Јас знам:

- ☐ Кои се главните земјоделски култури
- ☐ Тип на ангажирана работна сила
- ☐ Основни елементи на договорот (износ на плата, работни часови, класификација)
- ☐ Локации за регрутирање работна сила
- ☐ Најзастапени етнички групи
- ☐ Собирни места и места за светилишта

Организација:

- ☐ Евалуација на економски ресурси
- ☐ Евалуација на расположливо време
- ☐ Избор и производство на предмети кои се делат
- ☐ Пристап до интернет за време на интервенцијата
- ☐ Дефинирање на квантитативни и квалитативни цели на кампањата
- ☐ Распоред и време на интервенциите
- ☐ Организација на завршна конференција

Сум идентификувал/контактирал/информирал/вклучил:

- ☐ Најмалку две лица посветени на кампањата
- ☐ Културни медијатори
- ☐ Синдикални структури на територијата
- ☐ Контакт со работници кои се постојано присутни на територијата
- ☐ Локални институции
- ☐ Органи за спроведување на законите и редот

Документот е изработен со финансиска поддршка од Европската комисија (VS / 2017/0320)
RAISE UP – изворни активности, иновативни практики и вклученост на чинителите за справување со појавата на непријавената работа

**По иницијативата**

Евалуација на резултатот:

- ☐ Изборот на време беше соодветен
- ☐ Избраното место беше поволно
- ☐ Се сретнав со доволен број работници
- ☐ Успеав да ги придобијам нивниот интерес и доверба
- ☐ Во следните денови, некои од нив се упатија во територијалниот синдикат за да ги истражат добиените информации или да пријават дека преговараат за нивните права
- ☐ Собрав податоци, информации, слики и корисни сведочења за да составам целосен извештај за состојбата и да го поднесам до надлежните институции и да барам интервенција од нивна страна
- ☐ Добив позитивни повратни информации на моите постови на социјалните мрежи за да се објави оваа иницијатива
- ☐ Ме контактираа новинари кои сакаат да дознаат повеќе за оваа појава
- ☐ Добив барања од оваа територија (работници, делегати, лидери на локални синдикати) за повторување на иницијативата

Мониторинг на интервенцијата:

- ☐ Број на работници кои по првиот контакт се упатија кај синдикатот
- ☐ Број на работници кои се зачленија
- ☐ Број на извештаи за случаи на експлоатација

Релации со институциите:

- ☐ Основање на постојана комисија
- ☐ Пренесување на извештајот за увидените ситуации и собраните податоци (број на работници, исплатена плата, животни услови, експлоатација)

Последователни активности:

- ☐ Следење на тековите на работна сила во разни географски области според фазите во кои се одвива бербата (гео-референци на местата каде најчесто се среќаваат работници).